20.09.2022

1005 872/1 1

**До: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по жалба со број 0904-124 од 21.06.2022 година изјавена од [redacted]

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- **д) Скениран документ**

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Барател**

[redacted]

**Во Битола, 20.09.2022 година .**

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка
и постапка од работен однос во втор степен

22.09 2022 година

**Архивски број:** 1005-872/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-872/ од 20.09.2022 година поднесно од лицето [redacted] **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО**.

## Образложение

Лицето [redacted] на ден 20.09.2022 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст: Државна комисија) достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и истото во Државната комисија е заведено под број 1005-872/1.

Во барањето е наведено дека врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019) од имателот бара Решение донесено по жалба со број 0904-124 од 21.06.2022 г.изјавена од подносителот на барањето.

Начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е скениран документ, а начинот на доставување на информацијата е по е-маил.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер да го одбие како неосновано од следниве причини:

На ден 20.09.2022 г. лицето [redacted] до Државната комисија достави Барање за пристап до информации од јавен карактер. Во самото барање е наведено дека подносителот на истото, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од имателот ја бара следнава информација од Јавен карактер:

- Решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по жалба број 0904-124 од 21.06.2022 година изјавена од Бранка Лазаревска.

Начинот на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е скениран документ, а начинот на доставување на информацијата е по е-маил.

Постапувајќи по поднесеното Барање, Државната комисија донесе одлука истото да го одбие како неосновано од причина што во конретниот случај не се работи за барање од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во овој случај се работи за барање од личен карактер и подносителот на барањето своите права и приватни интереси може да ги оствари согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја и правната заштита може да ја остварува согласно тие закони. Во конкретниот случај, подносителот до Државната комисија може да се обрати со писмен допис во кој ќе го образложи своето барање.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова